ЗАПИСНИК

од 58-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 28.11.2024 г.
со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, беа присутни сите членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Љупчо Петровски, Иванчо Котевски, Горан Велјановски, Александар Канзуровски и Наумче Смилевски.

На седницата беа присутни: Градоначалникот Стевановски, Анета Киселоска - раководител, Николина Лозановска - советник.

На 58-ма седница присуствуваше и Јагода Неделкова – ВД Директор на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1. Разгледување на Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.;
2. Разгледување на Известување од МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за трајно отстапување на патничко возило FORD TRANZIT во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци;
3. Разгледување и усвојување на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии на територијата на Општина Новаци за 2025 год.;
4. Разгледување и усвојување на Елаборат - Извештај за процена на штети од пожар во Општина Новаци во период од 09 - 13.08.2024 год. од Комисијата за штети од пожар и други елементарни непогоди на Општина Новаци;
5. Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за превземање на трошоците за електрична енергија во пумпните станици за вода во селата Бач, Брод и Живојно;
6. Советнички прашања.

Пред да се разгледа Дневниот ред на 58-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевановски зеде збор, и на Советот на Општина Новаци му предложи Дневниот ред да се измени и дополни со 2 (две) дополнителни точки, кои има потреба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување на Барање за користење на градежна механизација од МЗ Гнеотино;
2. Разгледување на Предлог - Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта.

Советниците го разгледаа Дневниот ред, така што со **9 гласа за** го прифатија Дневниот ред на 58-та седница на Советот на Општина Новаци, кој со измената и дополнувањето е составен од 8 (осум) точки, со тоа што точката бр. 6 - Советнички прашања, преминува во точка бр. 8.

1 точка Разгледување на Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

Советот на Општина Новаци ја разгледа Одлука со која се прави измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци во делот V10, кој се однесува на детските градинки. Имено, средствата од ставката електрична енергија се пренаменуваат во ставката за надомест на годишен одмор во износ од 7.872 ден.

По кратката дискусија, Советот со **9 гласа за** донесе Одлука за измена на распоредот на средствата од Буџетот на Општина Новаци за 2024 год.

2 точка Разгледување на Известување од МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, за трајно отстапување на патничко возило FORD TRANZIT во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци;

По однос на втората точка, збор зеде Јагода Неделкова - ВД Директор на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола, која пред советниците даде објаснување за причината за отстапување на патничкото возило за превоз на ученици. Имено со наведеното возило, се вршеше превоз на ученици од основното подрачно училиште во с. Бач, но истото не е во состојба со која може да се обезбеди безбедноста на учениците. Затоа возилото кое е во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“трајно се отстапува на Општина Новаци.

По кратката дискусија, советниците гласаа така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за трајно отстапување на патничко возило во сопственост на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола на Општина Новаци.

3 точка Разгледување и усвојување на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии на територијата на Општина Новаци за 2025 год.;

Јагода Неделкова-ВД Директор на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ и по однос на третата точка зеде збор и пред советниците детално ја презентираше Годишната програма во која е претставен планот на возни линии т.е линискиот превоз на патници во Општина Новаци како и ценовникот на билетите во различни правци. За непречено функционирање на МЈ Претпријатие, Општина Новаци во 2025 год. треба да субвенционира 2.400.000,00 ден.

По дискусијата, Советот на Општина Новаци гласаше, така што со **7 гласа за и 2 гласа воздржан** донесе Одлука за давање на согласност на Годишна програма за превоз на ученици за подобрување на одржливост и квалитет на превозот на општински линии за територијата на Општина Новаци за 2025 год.

4 точка Разгледување и усвојување на Елаборат - Извештај за процена на штети од пожар во Општина Новаци во период од 09 - 13.08.2024 год. од Комисијата за штети од пожар и други елементарни непогоди на Општина Новаци;

Советниците го разгледаа Извештајот, во кој е наведена проценката на штета предизвикана од шумски пожар во период од 09 - 13.08.2024 год., извршена врз основа на 7 барања на граѓани и правни лица во кои се зафатени индивидуални куќи, штали за добиток, помошни објекти и обртни средства (ливадско сено и сено од луцерка). Изготвувач е Комисијата за проценка на штети од пожар и други елементарни непогоди при Општина Новаци.

По разгледувањето и кратката дискусија советниците гласаа, така што со **8 гласа за и 1 глас воздржан** донесоа Одлука за усвојување на Елаборат - Извештај за проценета штета од пожар во Општина Новаци во период од 09.08 до 13.08.2024 година.

5 точка Разгледување на Барање од ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци за превземање на трошоците за електрична енергија во пумпните станици за вода во селата Бач, Брод и Живојно;

Советниците го разгледаа Барањето со ЈПКД „Комунална хигиена“ – Новаци бара од Општина Новаци да го превземи плаќањето на сметките за електрична енеггија која ја користат пумпите за вода во селата Бач, Брод и Живојно. Трошоците за потрошената електричната енергија се многу високи и представуваат значителен товар за претпријатието. За ова збор зеде советникот Горан Велјановски (поранешен директор на ЈПКД „Комунална хигиена“), така што ги запозна советниците со новата законска регулатива со кој водоводниот систем, соодветно на тоа и со пумпите , стопанисуваат исклучиво Комуналните претпријатија и токму поради тоа Општина Новаци не смее да направи било какво превземање. Но поради тешката финансиска состојба со која во моментот се соочува претпријатието, единствено што може да се направи, е да се субвенционира претпријатието со оддредени финасиски средства.

По ова излагање Претседателката Најдовска Стојковска им предложи на советниците да се одбие Барањето од ЈПКД „Комунална хигиена“со препорака претпијатието да достави до Советот, Барање за финансиска помош кое ќе биде разгледано на некоја наредна седница.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за одбивање на Барање за превземање на трошоците за електрична енергија од ЈПКД „Комунална хигиена“ Новаци.

6 точка Разгледување на Барање за користење на градежна механизација од МЗ Гнеотино;

Советниците го разгледаа Барањето од МЗ Гнеотино во кое се бара од Општина Новаци да обезбеди користење на градежна механизација, за копање на канал за подземна електрична инсталација, за потребите на манастирот „Успение на Пресвета Богородица“ во правец од трансформаторот во с. Гнеотино до брегот на Црна Река.

Советниците по кратката дискусија, преминаа на гласање така што со **9 гласа за** донесоа Одлука за одобрување на користрење на градежна механизација на МЗ Гнеотино.

7 точка Разгледување на Предлог- Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта.

Градоначалникот Стевановски пред Советниците го објасни неговиот предлог по примерот на други општина како на пр. општините Битола, Велес, Аеродром и др. Оваа Одлука има за цел да се поттикне уште од најмала возраст, кај младите, чувствата за национална припадност, вреднување и препознавање на националните симболи и развој на почитта кон својата татковина.

Советот на Општина Новаци **едногласно** донесе Одлука за интонирање на Националната химната во ООУ „Славко Лумбарковски“- Новаци и подрачните училишта.

8 точка Советнички прашања

Советот на Општина Новаци, немаше дополнителни советнички прашања со што 58-та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска